**Записник од Годишното собрание на МНЗА**
**(за периодот декември 2023 година-декември 2024 година)**

Годишното собрание на МНЗА се одржа на 27.12.2024 година, во салата за седници на Филозофскиот факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. На годишното собрание присуствуваа: проф. д-р Владимир Трајковски, Весна Филиповска, м-р Фики Гаспар, м-р Розалија Бошковски, Теа Петрушева, Адријана Куковска, м-р Тања Станкова-Папиќ, м-р Ирена Стојановска, Катерина Калкова, Катерина Гаспар, м-р Миа Мицевска, проф. д-р Дејан Трајков и проф. д-р Владимир Илиевски.

Оправдано отсуство најавија д-р Весна Костиќ Ивановиќ, м-р Ивана Василева Петровска, проф. Зоран Киткањ, Живка Димитровска, м-р Мери Нолчева, Емилија Трампевска, Ангела Мирчевска, м-р Андреа Ивановска и Наташа Јованоска.

Годишното собрание официјално започна во 13:33 часот со следниот:

## Дневен ред

1. **Усвојување на записникот од годишното собрание за 2023 година**

Претседателот на МНЗА проф. д-р Владимир Трајковски го презентираше записникот од последното одржано годишно собрание за 2023 година, воедно ги потсети членовите дека истиот го добија на нивните маил адреси. Потоа членовите беа повикани да гласаат за усвојување на истиот. По гласањето, записникот едногласно беше усвоен од присутните.

2. **Прием на нови членови во МНЗА**

Во однос на втората точка претседателот објави дека оваа година има добиено пет пристапници за членство, но само две од нив се присутни, па ја повика најпрвин Катерина Гаспар која истакна дека е вработена во центарот за психофизичко здравје Гаспар и токму нејзината работа со деца ја мотивирало да стане член на здружението. Исто така, Катерина веќе била вклучена во неколку активности организирани од МНЗА. М-р Миа Мицевска по вокација е психолог, истакна дека главна причина за нејзиното зачленување во здружението е интересот за аутизмот и работата на здружението со деца и родители од оваа област, особено откако е вратена од постдипломските студии надвор од државата. Откако се претставија, членството едногласно ја прифати и изгласа нивната пристапницата, па со тоа Миа Мицевска и Катарина Гаспар станаа членови на здружението. Во однос на отсутните лица кои доставиле пристапница, а не се присутни на собранието, претстедателот посочи дека ќе се изгласаат на следното собрание, бидејќи не е коректно да не се претстават. Во оваа точка проф. Трајковски истакна дека поради неактивност и повеќе од 2 отсуства на годишните собранија на МНЗА, го прекинува членството на д-р Весна Костиќ Ивановиќ, м-р Мери Нолчева и Емилија Трампевска. Тој информира дека ја разбира нивната зафатеност и дека секоја од нив во текот на минатите денови по пат на мејл е известена за одлуката, и изразена им е благодарност за

досегашното членство и придонес во здружението.

### 3. Извештај за работата на МНЗА од 2024 година

Претседателот ја прогласи 2024 година како доста успешна и продуктивна за МНЗА, исполнета со многу активности и проекти. Оваа година особено беше одбележана со три вебинари одржани од членовите на МНЗА, но и од еминентни имиња од полето на аутизмологијата. Потоа сите активности од страна на претседателот беа презентирани по хронолошки редослед (прилог Извештај за работа на МНЗА-период декември 2023 година-декември 2024 година). Во оваа точка претседателот ја повика Весна Филиповска која е секретар на здружението, но која и активно работеше на последниот проект ИСЕК АДЕ, кратко да ги информира присутните за исходите од истиот. Филиповска истакна дека проектот бил навистина успешен и како резултат од него е TeachSpace дигиталната платформа која помага за полесно образование на учениците со АСН и ИП, но може да се користи и кај децата со типичен развој од помала возраст. Воедно, таа ги покани присутните бесплатно да се регистрираат на платформата и да ја користат во својата работа со децата со АСН и ИП.

Во оваа точка претстедателот исто така изрази благодарност до сите кои учествуваа во активностите и проектите. По презентирањето на извештајот, тој беше едногласно усвоен од сите присутни.

### 4. Финансиски извештај за 2023 - 2024 година

Четвртата точка се однесуваше на Финансискиот извештај за 2024 година, кој беше презентиран од страна на м-р Фики Гаспар, која истакна дека целокупните пресметки се направени од страна на сметководителите со кои МНЗА соработува.

Финансискиот извештај беше ставен на гласање, а по гласањето истиот беше усвоен од страна на присутните. Во оваа точка се произнесе и претседателот кој истакна дека сака да потенцираа дека сите хонорари се одработени од учесниците во проектот и дека сите финансии со кои располага здружението се користат доследно и соодветно без никаква злоупотреба.

### 5. Програма за работа на МНЗА во 2025 година

Претседателот ја повика м-р Ирена Стојановска да ја претстави програмата за работата на здружението во текот на 2025 година.

Во текот на 2025 година Македонското научно здружение за аутизам планира да изведе повеќе активности како што се финализација на започнатите проекти, одбележување на светскиот ден на аутизам, вклучување на повеќе членови во здружението и редовно одржување на веб сајтот и социјалните мрежи (Прилог Програма за работа на МНЗА 2025 година) како и одбележување на 25 години постоење на МНЗА. Во оваа точка Весна Филиповска кажа накратко детали за новиот проект на кој моментално работат неколку членови од МНЗА, а се однесува на поттик за физички активности и образование кај деца со аутизам од предучилишни установи, основно и средно образование. Во оваа точка збор побара и м-р Тања Станковска-Папиќ, која изрази задоволство и пофалби за сите активности на здружението, а воедно побара доколку може да се организира дисеминација на некои од проектите на МНЗА во основните училишта на територија на Општина Горче Петров,

сметајќи дека на наставниците и стручните соработници би им биле од голема помош во секојдневната работа. Проф. д-р Трајковски истакна дека до сега обуки наменети за вработени во градинки и основни училишта, од страна на членовите на МНЗА има спроведено во Општина Карпош и Општина Кисела Вода и дека истите поминале со одличен одзив и заинтересираност. Доколку секторот за образование во Општина Ѓорче Петров е заинтересиран, со задоволство би можеле да се спроведат обуки на повеќе теми. Во оваа точка збор побара и м-р Розалија Бошковски која како активен член околу 15 години, истакна задоволство за трендот на зголемување на членови, активности и финансии на здружението. Исто така таа посочи дека МНЗА има навистина искусни и обучени членови кои можат да го понудат своето знаење, па добро би било да се конкурира на повикот од страна на Бирото за образование за акредитирани обуки кои ќе бидат понудени на наставниот кадар во училиштата за професионален развој. Претседателот истакна дека тоа е одлична идеја и замоли кога ќе биде пуштен конкурсот да се сподели инфомацијата, со цел да може да се направат подготовки за истиот. М-р Бошковски исто така се надоврза на планот за одбележување на 25 години постење на Македонското здружение за аутизам, давајќи идеја да се направи ретроспектива од сите години постоење на здружението преку фотографии и слајдови. Членството се согласи дека идејата е одлична, а потоа едногласно ја изгласа програмата за работа за 2025 година.

6. **“Визуелна поддршка и асистивна технологија  кај ученици со АСН” – презентација**

Во оваа точка кратка презентација  имаше Весна Филиповска, специјален едукатор и рехабилитатор споделувајќи искуства за овој вид на поддршка кај учениците со АСН како и искуства од посебни училишта во Литванија, кои го користат овој начин на работа.. По краткото излагање и плодната дискусија претседателот му се заблагодари за корисните информации и направената презентација со која се збогати агендата на ова собрание.

7. **Разно**

Со оглед на тоа што никој од присутните немаше дополнително забелешка/коментар, Годишното собрание беше завршено со упатување на честитки за среќни празници, повеќе здравје и надеж за уште поплодна соработка во новата 2025 година.

Годишното собрание заврши во 15:05 часот.

**Датум:**
30.12.2024

**Записникот го подготви:**
Весна Филиповска